# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

БРОЈ 11 | КОЧАНИ, 21 ОКТОМВРИ 2016 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА

Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 21.10.2016 година

I

Ги објавувам актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 21.10.2016 година, и тоа:

1.Буџетски календар за 2017 година, Бр.09-1913/1;

2.Одлука за намалување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани, Бр.09-1919/1;

3.Одлука за донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намена за КП бр.16886 КО Кочани; за КП бр.11076/1 КО Кочани, Бр.09-1920/1;

4.Одлука за донесување урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти изградени надвор од плански опфат за КП бр.3693/1 КО Бели, Бр.09-1921/1;

5.Решение за именување вршител на должноста член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани, Бр.09-1916/1;

6.Решение за разрешување и именување вршители на должноста членови на Училишниот одбор на СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани, Бр.09-1917/1;

7.Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за период III квартал 2016 година, Бр.09-1912/1;

8.Заклучок за усвојување на Извештај за работењето на ЈОУДГ„Павлина Велјанова“- Кочани за 2015-2016 година и Програма за работа за 2016-2017 година, Бр.09-1914/1;

9.Заклучок за давање согласност за згрижување на поголем број деца во воспитните групи од бројот на деца утврден со Законот, во воспитната 2016/2017 година, Бр.09-1915/1;

10.Ценовник за изменување и дополнување на Ценовникот за користење на салите во градот Кочани дадени на користење и управување на ОУ„Св. Кирил и Методиј“ – Кочани и ОУ „Никола Карев“ – Кочани, Бр.09-1918/1.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 08-1922/1
21.10.2016 година
К о ч а н и

Градоначалник
на Општина Кочани,
Ратко Димитровски

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа(Сл.весник на РМ бр.61/04,96/04 и 67/07), Советот на Општина Кочани ,на седницата одржана на ден 21.10.2016 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2017 ГОДИНА**

I

| МОЖЕН ДАТУМ | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ | ОДГОВОРНОСТ |
|---|---|---|
| До 30 септември | Министерот за финансии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-буџетите за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РМ, кој им го доставува на општините. | Закон за буџетите Сл.в 64/2004 Чл.21<br>Закон за финансирање на ЕЛС<br>Сл.в.61/04 ;96/04;22/07;Чл.27 став 1 и 2 |
| 10-октомври | Градоначалникот и раководители на сектори се состануваат , за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година . | Градоначалник<br>Раководители на сектори |
| 10-октомври<br>**20 октомври** | Буџетските информации со формуларите за буџетските побарувања со упатствата се доставуваат до секторите и буџетскте корисници заедно со писмото на Градоначалникот за зацртаните одредби. | Сектор за финансиски прашања |
| 25-октомври<br>30-октомври | Проценката на трошоците за наредната буџетска година се враќаат на Секторот за финансирање и буџет од останатите Сектори и буџетските корисници. | Раководители на сектори<br>Буџетски корисници |
| 30-октомври<br>03-Ноември | а. Се собираат буџетските барања<br>б. Барањата се анализираат и усогласуваат<br>в .Се изготвува билансот на приходи<br>г. Се изготвува билансот на расходи<br>х. Сеподготвува планот на програмите за развој | Сектор за финансиски прашања |
| 15-Ноември | Се донесува План на програми за развој | Совет на општината |
| 30- 05 Декември | Нацрт-буџетот(работен материал) се води јавна расправа од Советот на Општината,НВО,Здруженија на граѓани,Месни заедници и заинтересирани граѓани и се изнесуваат изгласаните предлози проекти во Буџетски форум | Совет на општината<br>Јавна расправа |
| 10-15-декември | Се доставува конечен Предлог-буџет од страна на Градоначалникот. | Градоначалник |
| 20-декември | Се води расправа во телата на Советот на Општината | Комисија за финасирање и буџет |
| 25-31декември | 1.Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година.<br>2. Одлука за извршување на буџетот за 2017 година<br>3. Доколку Советот не го усвои Предлог -буџетот донесува одлука за времено финасирање согласно Законот за финансирање на ЕЛС Член 28 став 2. | Совет на општината |

II

Буџетскиот календар влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1913/1
21.10.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 21.10.2016 година, донесе

О Д Л У К А
за намалување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани

Член 1

Се намалува висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани за 20 %, за објекти со намена домување и комерцијални дејности, освен за објектите на Спортско-рекреативниот центар „Пониква“.

Член 2

Намалувањето на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Кочани важи од влегувањето во сила на оваа Одлука до 28.02.2017 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1919/1
21.10.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 10, став 4 и членот 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16) и членот 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 21.10. 2016 година, донесе

О Д Л У К А
за донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намена за КП бр.16886 КО Кочани; за КП бр.11076/1 КО Кочани

Член 1

Се утврдува да се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намена во урбанистичко-планската документација за град Кочани.

Член 2

Согласно членот 1 од оваа одлука, со

урбанистичко-планската документација да се изврши:

1.Усогласување на намена улица, дефинирана со Деталниот урбанистички план на град Кочани, со ТБ 970, донесен со Одлука бр.07-138 од 16.07.1998 год., заради вклопување на бесправно изграден објект со намена линиски инфраструктурен објект – ВИПВ6, означен како зграда 1 изграден на КП бр.16886 КО Кочани запишана на Имотен лист бр.2 за КО Кочани.

2.Усогласување на намена домување, дефинирана со Генералниот урбанистички план на град Кочани, со ТБ 186/13, донесен со Одлука бр. 09-1401/1 од 15.07.2016 год., заради вклопување на бесправно изграден објект со намена линиски инфраструктурен објект – ВИПВ6, означен како зграда 1 изграден на КП бр.11076/1 КО Кочани запишана на Имотен лист бр.1 за КО Кочани.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1920/1
21.10.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 10, став 4 и членот 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16) и членот 2, став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на РМ“ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 21.10. 2016 година, донесе

## О Д Л У К А
### за донесување урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти изградени надвор од плански опфат за КП бр.3693/1 КО Бели

Член 1

Се утврдува да се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се вклопат бесправно изградените објекти во урбанистичко-планската документација.

Член 2

1.Согласно членот 1 од оваа одлука, со урбанистичко-планската документација за вклопување на бесправно изградени објекти изградени надвор од планскиот опфат заради вклопување на бесправно изградени објекти и тоа дел од објект со намена А1 - домување во станбени куќи, означен како зграда 1 и помошен објект – П, означен како зграда 2, изградени на КП бр.3693/1 КО Бели, запишана во Имотен лист бр.721 за КО Бели.

2.Согласно членот 1 од оваа одлука, со урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти изградени надвор од планскиот опфат заради вклопување на бесправно изградени објекти со намена линиски инфраструктурен објект – ВИПВ6, означени како зграда 1, зграда 2 и зграда 3 изграден на КП бр.3427 КО Грдовци запишана на Имотен лист бр.364 за КО Грдовци.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1921/1
21.10.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 114, став 17 од Законот за заштита на децата(„Службен весник на РМ", бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015 и 27/2016), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 21.10.2016 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување вршител на должноста член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Велјанова"- Кочани

I

За вршител на должноста член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Велјанова"- Кочани од Советот на родители на ЈОУДГ„Павлина Велјанова"- Кочани се именува:
- Сашко Трајков - дипл.економист, родител на дете од објектот „Сончогледи".

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-1916/1
21.10.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 88, став 5 од Законот за средно образование („Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/010, 116/010, 156/010, 18/11, 51/11, 6/012, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14 , 10/15, 98/2015, 145/2015, 30/2016 и 127/2016), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 21.10.2016 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување вршители на должноста членови на Училишниот одбор на СОУ „Гошо Викентиев" – Кочани

I

Од членови на Училишниот одбор на СОУ „Гошо Викентиев" – Кочани се разрешуваат:
1. Трајче Илиев, вработен во Агенција за катастар - Кочани
2. Горјан Алексов, вработен во Министерство за одбрана ПЕ Кочани

За вршители на должноста членови на Училишниот одбор на СОУ „Гошо Викентиев" – Кочани се именуваат:
1. Милева Богданова, ул.„8-ми септември"бр.63 - професор по одделенска настава.
2. Ивана Симијонова, ул.„Наум Наумовски Борче"бр.56 - педагог во ОУ„Малина Попиванова"Кочани.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-1917/1
21.10.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 21.10.2016 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за период III квартал 2016 година

I

1. Се усвојува Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за период III квартал 2016 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1912/1
21.10.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 21.10.2016 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за работењето на ЈОУДГ„Павлина Велјанова“- Кочани за 2015-2016 година и Програма за работа за 2016-2017 година

I

1. Се усвојуваат: Извештајот за работењето на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани за 2015-2016 година и Програмата за работа за 2016-2017 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1914/1
21.10.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 64, став 5 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“, бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015 и 27/2016), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 21.10. 2016 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност за згрижување на поголем број деца во воспитните групи од бројот на деца утврден со Законот, во воспитната 2016/2017 година

I

Се дава согласност за згрижување

поголем број на деца во воспитните групи од бројот на деца утврдени со Законот, во воспитната 2016/2017 година, во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани, дадени во прегледот на Барањето согласност, бр.0302-158/1 од 06.10.2016 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1915/1
21.10.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 21.10.2016 година, донесе

Ц Е Н О В Н И К
за изменување и дополнување на Ценовникот за користење на салите во градот Кочани дадени на користење и управување на ОУ„Св. Кирил и Методиј“ – Кочани и ОУ „Никола Карев“ – Кочани

I

Во текстот на Ценовникот за користење на салите во градот Кочани дадени на користење и управување на ОУ„Св. Кирил и Методиј“ – Кочани и ОУ„Никола Карев“ – Кочани „Сл. гласник на Општина Кочани“ бр. 7 / 2013, се вршат следните измени и дополнувања:

- Секаде во текстот на Ценовникот, по зборовите: „ОУ ’Св.Кирил и Методиј’ – Кочани“сврзникот„и“ и зборот „односно“, се заменуваат со запирка, а по зборовите ОУ„Никола Карев“ – Кочани се додаваат зборовите „и ОУ ‘Крсте Петков Мисирков’ с. Оризари – Кочани“.

II

Ценовникот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1918/1
21.10.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

# СОДРЖИНА

1.Буџетски календар за 2017 година, Бр.09-1913/1;

стр.2

2.Одлука за намалување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани, Бр.09-1919/1;

стр.3

3.Одлука за донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намена за КП бр.16886 КО Кочани; за КП бр.11076/1 КО Кочани, Бр.09-1920/1;

стр.3

4.Одлука за донесување урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти изградени надвор од плански опфат за КП бр.3693/1 КО Бели, Бр.09-1921/1;

стр.4

5.Решение за именување вршител на должноста член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани, Бр.09-1916/1;

стр.5

6.Решение за разрешување и именување вршители на должноста членови на Училишниот одбор на СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани, Бр.09-1917/1;

стр.5

7.Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за период III квартал 2016 година, Бр.09-1912/1;

стр.6

8.Заклучок за усвојување на Извештај за работењето на ЈОУДГ„Павлина Велјанова“- Кочани за 2015-2016 година и Програма за работа за 2016-2017 година, Бр.09-1914/1;

стр.6

9.Заклучок за давање согласност за згрижување на поголем број деца во воспитните групи од бројот на деца утврден со Законот, во воспитната 2016/2017 година, Бр.09-1915/1;

стр.6

10.Ценовник за изменување и дополнување на Ценовникот за користење на салите во градот Кочани дадени на користење и управување на ОУ„Св. Кирил и Методиј“ – Кочани и ОУ „Никола Карев“ – Кочани, Бр.09-1918/1.

стр.7